ДРЖАВНО МУЗИЧКО
УЧИЛИШТЕ
Бр. 01-315/1
02.12. 2025 год.
БИТОЛА

# С Т А Т У Т

## НА ДРЖАВНО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ - БИТОЛА

# СОДРЖИНА

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ....................3

ПРАВНА ПОЛОЖБА НА УЧИЛИШТЕТО....................3

ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ....................5

РАСПРЕДЕЛБА НА НАСТАВНИ ЧАСОВИ....................9

ПОДНЕСУВАЊЕ ИЗВЕШТАЈ ЗА УСПЕХ И ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ПО КВАРТАЛИ ЗА ОСНОВНИОТ И ЗА СРЕДНИОТ ОДДЕЛ....................10

ДОКУМЕНТИ И АКТИВНОСТИ ЗА РАЗВОЈ И ПОДДРШКА....................11

УЧЕНИЦИ....................13

- запишување и испишување на ученици во основното образование....................13
- оценување на учениците во основното образование....................14
- запишување и испишување на ученици во средното образование....................15
- оценување во средното образование....................15
- изостаноци од настава и педагошки мерки....................16
- поправни испити и повторување во средното образование....................17
- образование за пократко времетраење....................18
- испити на година....................18
- пофалување и наградување....................18

ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА....................19

УПРАВУВАЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО....................21

ДИРЕКТОР НА УЧИЛИШТЕТО....................22

СТРУЧНИ ОРГАНИ НА УЧИЛИШТЕТО....................23

ОБЛИЦИ НА УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО....................27

ФИНАНСИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО....................28

НАТПРЕВАРИ И ЕКСКУРЗИИ....................29

ИНФОРМИРАЊЕ....................29

ОДБРАНА И ЗАШТИТА....................30

ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ....................30

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ....................31

Врз основа на член 89 став 1 алинеа 1 од Законот за средно образование (Сл. весник на Република Македонија бр.44/95, 16/96, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 41/01, 29/02, 40/03, 42/03, 18/03, 67/04, 51/05, 55/05, 113/05, 3/06, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20, 269/23, 78/25 и 132/25), Училишниот одбор на Државното музичко училиште-Битола на својата седница одржана на ден 02.12.2025 година едногласно, со 11 (единаесет) гласа, го донесе следниот:

# СТАТУТ

на Државно музичко училиште – Битола

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: основни одредби, правната положба на Државното музичко училиште -Битола , во понатамошниот текст: Училиштето, организацијата и изведувањето на воспитно-образовната дејност, ученички екскурзии и натпревари, мултикултурализам, меѓуетничка интеграција и толеранција, инклузија, учениците, изостаноци, советување на родителите, работното време и годишниот одмор на наставниците, стручните соработници и другите вработени, дисциплинската комисија, педагошката евиденција и документација, застапувањето и претставувањето на Училиштето, управувањето и раководењето, стручните органи во Училиштето, финансирањето, информирањето, одбраната и заштитата, тајност и заштита на обработката на личните податоци, постапката на донесување и измени на актите на Училиштето и други прашања од значење за Училиштето.

**Член 2**

Толкување на одредбите од овој статут дава Училишниот одбор на Училиштето.
Согласност за статутот на Училиштето дава Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, во понатамошниот текст Министерството.

**Член 3**

Одделни прашања што се утврдени со овој Статут може поблиску да се уредат со правилници и други акти.

## ПРАВНА ПОЛОЖБА НА УЧИЛИШТЕТО

**Член 4**

Називот на Училиштето е:
- Државно музичко училиште – Битола.

Седиштето на Училиштето е во Битола на ул "Булевар 1-ви мај " бр.110.

**Член 5**

Училиштето има печат и штембил.
Печатот е во облик на круг со димензии 32 м.м..

Во средината на печатот е содржан грботот на Република Северна Македонија, а околу него во првиот концетричен круг е испишано" Република Северна Македонија " а во вториот концентричен круг "Државно музичко училиште" Битола .

Штембилот има правоаголна форма со димензии 60 x 30 м.м. со следниот текст: ДРЖАВНО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ , се остава место за впишување на број на актот , датумот на негово издавање и под него пишува БИТОЛА.

Со печатот и штембилот располага и го употребува архиварот на Училиштето или друго лице овластено од директорот.

Печатот се употребува со потпис на директорот на Училиштето.

Печатот се употребува и со потпис на претседателот на училишен одбор во рамките на надлежностите на училишниот одбор.

Печатот се употребува и со потпис на претседателот на комисијата за јавни набавки, во рамките надлежностите на комисијата за јавни набавки.

Печатот се употребува и со потпис на секретарот, благајникот или сменоводителот на Училиштето за издавање на најразлични потврди за потребите на вработените и учениците.

Видот и бројот на интерните печати ги утврдува училишниот одбор.

Со печатот и штембилот ракува и е одговорно лице овластено од директорот.

**Член 6**

Училиштето е правен наследник на:

- Основното музичко училиште е основано со Решение на Министерството за народна просвета бр.5920 од 05.10.1946 година;

-Средното музичко училиште е основано со Решение на Општинското собрание-Битола бр.03-7326 од 0511.1962 година.

Училиштето е запишано во Судскиот регистер на Окружниот стопански суд во Битола бр. 84/65 од 11.01.1966 година.

**Член 7**

Основната дејност на Училиштето е:

1. Организирање и изведување на наставни и вонnаставни активности за основно и за средно образование во рамките на плановите и програмите за музичката уметност.

Дополнителна дејност на Училиштето е:

22.11 – Издавање книги
22.14 - Издавање на снимени медиуми
73.20/2 - Истражување и експериментален развој во општествените науки
80.42 - Образование на возрасни и друго образование, неспомнато на друго место
92.31 - Уметничка дејност
92.32 - Дејности на посредување во културата и дејност на објектите за култура
92.34 - Други активности, неспомнати на друго место

**Член 8**

Училиштето има својство на правно лице, стекнато со уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Училиштето е запишано во централниот регистар на средните училишта во Министерството.

Во правниот промет со трети лица Училиштето учествува во свое име и за своја сметка. За своите обврски настанати во правниот промет со трети лица Училиштето одговара со свои средства – целосна одговорност.

**Член 9**

Училиштето го застапува и претставува директорот на Училиштето.

Во случај на подолго отсуство на директорот, Училиштето го застапува, односно претставува лицето кое ќе го определи директорот.

**Член 10**

Овластувањата на директорот утврдени со овој Статут се запишуваат во Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

**Член 11**

Директорот со писмено овластување може да овласти и други лица за превземање на одредени дејствија од своја надлежност.

## ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

**Член 12**

Воспитно-образовната дејност во основното и во средното музичко образование во Училиштето се изведува на македонски јазик и неговото кирилско писмо .

**Член 13**

Програмската структура на воспитно-образовната дејност во основното образование во Училиштето е регулирана со програмските документи за воспитно-образовната дејност во основното музичко образование и е дел од концепцијата за основно образование.

Музичкото основно образование се организира како паралелно кон редовното основно образование.

Воспитно-образовната дејност во основното образование во Училиштето опфаќа:

- настава;
- вонnаставна воспитно-образовна дејност.

**Член 14**

Воспитно-образовната дејност од средно образование во Училиштето е регулирана со наставен план и наставни програми за воспитно-образовната дејност во средното уметничко образование за музичка уметност, со четиригодишно траење.

Воспитно-образовната дејност во средното образование во Училиштето опфаќа:

- настава;
- воннаставна воспитно-образовна дејност.

**Член 15**

Во Училиштето за основното образование и за средното образование се организираат и остваруваат <u>следниве облици на настава</u>:

- редовна настава,
- дополнителна настава
- додатна настава
- подготвителната настава, консултации и помош за поправни испити

**Член 16**

**<u>Редовната настава</u>** е утврдена со наставните планови и наставните програми за основното и средното музичко образование кои по предлог на Бирото за развој на образованието ги донесува Министерот за образование и наука, во понатамошниот текст Министерот.

Учениците од средното образование задолжително изучуваат по два изборни предмети во трета и четврта година кои ги избираат од листата на изборни предмети.

Учениците се определуваат за изборните предмети пред завршување на втора и трета година, најдоцна до 10 јуни.

**Член 17**

**<u>Дополнителна настава</u>** се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако:

- имаат најмалку две слаби оценки;
- имаат слаби резултати по одреден наставен предмет;
- отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет и
- на барање на ученикот или неговиот родител.

Наставникот кој ја реализира наставата по наставниот предмет ги задолжува учениците кои имаат најмалку две негативни оценки за посета на дополнителната настава, а за учениците кои имаат слаби резултати, или кои отсуствуваат од настава по соодветниот предмет, дополнителната настава се организира по проценка на наставникот.

Ученикот упатен на дополнителна настава во текот на еден месец посетува дополнителна настава најмногу по два наставни предмети со најмногу четири наставни часови по наставен предмет.

Доколку ученикот за кој наставникот одредил задолжителна дополнителна настава неоправдано не ги посетува часовите на дополнителна настава, ученикот добива неоправдан изостанок.

За упатувањето на ученикот на дополнителна настава наставникот задолжително го известува класниот раководител и родителот, односно старателот.

**Член 18**

**<u>Додатна настава</u>** се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети.

Додатната настава за учениците од ставот (1) на овој член наставникот е должен да ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава.

Училиштето најдоцна до 20 септември во тековната учебна година треба да истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет, на видно место во Училиштето и истиот да го достави до Државниот просветен инспекторат.

**Член 19**

**Подготвителната настава, консултации и други форми** за помош, се организира за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испити на година, дополнителни испити, испити за побрзо напредување, матурски испити.

**Член 20**

**Вонааставната** воспитно-образовна дејност се организира и остварува во следните облици:

- јавни часови и други форми на јавно настапување;
- слободни активности на учениците;
- воспоставување на постојана и повремена соработка со сродни организации во Републиката и надвор од неа;
- организирање и учество на предавања, семинари, курсеви;
- организирање и учество на натпревари (интерни, регионални, државни, меѓународни);
- концерти;
- здравствено и физичко воспитување, општествена и културна дејност.

**Член 21**

**Јавните часови** претставуваат можност за јавно презентирање и утврдување на постигнатото ниво предвидено во наставните програми.

**Член 22**

**Слободните активности на учениците** се организираат за развивање на самостојност во работата и инвентивните способности и задоволување на интересите и желбите на учениците од областа на уметноста, науката, културата и физичката култура.

Во рамките на овие активности Училиштето посебно се грижи и поттикнува:

- посета на изложби, културно-историски споменици и сл.;
- екскурзии.

**Член 23**

**Концертите** се можност за јавно претставување на работата и постигнувањата на уениците и наставниците, покажување на стекнатите музички вештини пред публика, развивање на самодоверба и искуство за јавно настапување, поттикнување на учениците за јавно настапување, промоција на училиштето.

На концертите учествуваат ученици и ученичките ансамбли (хорови, оркестри,камерни состави и фолклорни ансамбли).

Изборот на ученици кои ќе настапат на концертите, се врши по пат на аудиција. Изборот го врши комисија именувана од директорот или раководителот на оддел, во зависност од тоа

дали концертот е на ученици од целото Училиште или на оддел. Доколку концертите се во организација на други институции, изборот го врши организаторот или директорот.

При крајот на наставната година задолжително се организираат посебни концерти на секој од инструменталните оддели, заеднички концерт на инструменталните оддели, концерт на профилот традициски играч-пејач, концерт на хоровите на училиштето и концерт на оркестарот на училиштето.

**Член 24**

<u>**Наставата во основното**</u> музичко образование во Училиштето се изведува во групи и индивидуално.

<u>**Наставата во средното**</u> образование во Училиштето се организира и изведува во паралелки, групи и индивидуално.

**Член 25**

Воспитно-образовната работа во Училиштето се остварува во учебни години.
Учебната година по правило почнува на 1 септември и завршува на 31 август наредната година и истата се организира во согласност со Календарот за организација на учебната година, кој го донесува Министерството за образование и наука.
По исклучок, во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), учебната година може да започне и заврши и во време различно од времето утврдено во ставот (2) на овој член, за што одлучува Владата.

**Член 26**

Во условите на вонредни околности, Владата може да одлучи времено да се прекине наставата во средните училишта, како да одлучи и за други прашања поврзани со реализацијата на воспитно-образовната работа (дополнителен рок за полагање на испитите на крајот на средното образование и слично).

**Член 27**

Во услови на вонредните околности во училиштето може да се организира настава со физичко присуство на учениците и преку далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација. Средства за електронска комуникација, се средства кои обезбедуваат реализација на наставата без заедничко физичко присуство на учесниците во наставниот процес.

**Член 28**

Наставата во учебната година се организира во две полугодија.
Во Училиштето наставата не се изведува за време на ученичките одмори и на денот на Училиштето. Настава во Училиштето не се изведува во деновите на државните празници и другите празници утврдени со Законот за празниците на Република Северна Македонија. Со Календарот за организација на учебната година во јавните средни училишта, Министерот секоја година го утврдува организирањето на учебната година согласно програмските целини во наставната година: тримесечје, полугодие, други форми на воспитно – образовна дејност и ученичкиот одмор.

**Член 29**

Работата на Училиштето во текот на учебната година се утврдува со **Годишната програма.**

Годишната програма за работа на Училиштето се изработува врз основа на програмата за развој на Училиштето.

Со годишната програма за работа се планира наставата согласно со наставниот план и другата воспитно-образовна работа во Училиштето.

Училишниот одбор ја доставува годишната програма за работа до основачот најдоцна до 31 август.

Годишната програма за работа ја донесува основачот до 30 септември за секоја тековна учебна година. Ако годишната програма за работа е доставена од Училиштето до основачот во рокот од став (4) на овој член, а основачот во рокот утврден во ставот (5) на овој член не ја донесе, се смета дека истата е донесена.

Донесената годишна програма за работа Училиштето ја доставува до Бирото и до Државниот просветен инспекторат во електронска форма.

## РАСПРЕДЕЛБА НА НАСТАВНИ ЧАСОВИ

### Член 30

Согласно Законот за наставници и стручни соработници, неделниот фонд на наставни часови за наставниците изнесува од 20 до 23 часа.

Распределбата на часовите се врши пред почетокот на учебната година.

Директорот и раководителот на оддел не се обврзани да вршат дополнителна прераспределба на часови во текот на учебната година поради отпишување на ученици.

Поради спецификата на индивидуалната настава како незадолжително основно образование и отпишувањето на ученици во текот на учебната година, на наставникот, може да му се доделат часови над предвидениот фонд, со цел обезбедување континуитет во неделниот фонд на часови.

### Член 31

Доколку се појави оправдана потреба да се промени наставникот на ученикот во текот на учебната година, истото може да се иницира по барање на наставникот или родителот.

Во зависност од барањето може да биде извршен разговор помеѓу стручната служба и наставникот, родителот и, по потреба, со ученикот, по што директорот донесува одлука за прераспределба. Одлуката се носи во најдобар интерес на ученикот.

### Член 32

Наставата по солфеж и елементарна теорија на музика, по солфеж и по теорија во основно музичко образование согласно наставниот план за 9 годишно образование и 6 годишно образование се организира во групи од 8 до 15 ученици. Во текот на учебната година, по барање на родителите, доколку причините се оправдани и терминот на групата не им одговора, а има друга група со термин кој им одговара, бројката на таа група може да се зголеми и повеќе од 15 ученици, но не повеќе од 20 ученици.

# ПОДНЕСУВАЊЕ ИЗВЕШТАЈ ЗА УСПЕХ И ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ПО КВАРТАЛИ ВО ОСНОВНИОТ И ВО СРЕДНИОТ ОДДЕЛ

**Член 33**

Одделенскиот раководител во основно е должен да го пополни извештајот за успех и поведение на учениците, пред одржувањето на одделенскиот совет, а во рок кој претходно јасно е утврден и соопштен на сите наставници.

Класниот раководител во средно е должен да го пополни извештајот за успех и поведение на учениците, пред одржувањето на класниот совет, а во рок кој претходно јасно е утврден и соопштен на сите наставници и истиот да го презентира на наставничкиот совет.

Непочитувањето на оваа обврска се смета за несовесно извршување на работните задачи.

Поради непочитување на ставот 1 и 2 од овој член, директорот може да покрене соодветна постапка согласно важечките законски и подзаконски акти кои го регулираат работниот однос на наставниците.

**Член 34**

Училиштето е должно да го оствари годишниот фонд на наставни часови утврдени со плановите и програмите.

Наставникот кој во текот на учебната година отсуствувал од настава до 5 работни денови заради учество со ученици на натпревари и семинари, должен е да ја реализира наставната програма и да го оствари годишниот фонд на наставни часови утврдени со наставните планови и наставните програми.

Наставникот е должен писмено да го извести директорот за планираните активности.

**Член 35**

Во Училиштето наставниот час во средното образование трае 45 минути.

Времетраењето на наставниот час во основното музичко образование се утврдува со Закон и со Наставниот план за основно музичко образование, донесен од страна на Министерот.

**Член 36**

Во наставата за општо образовните предмети се употребуваат учебниците кои ќе бидат во примена согласно Законот и поблиски прописи донесени од Министерот.

За стручните предмети, се користат нотни материјали согласно наставната програма во сопственост на училишната библиотека или на наставникот.

**Член 37**

Наставата во Училиштето се одвива во рамките на петдневна работна недела.

Наставата се одвива во смени. Наставата започнува во 7:30 часот, а завршува во 20:00 часот.

**Член 38**

Работата во Училиштето се утврдува со куќен ред донесен од страна на училишниот одбор на Училиштето.

Куќниот ред ги опфаќа одредбите кои ги регулираат следните прашања:

време на доаѓање на учениците во училиштето,траењето на наставните часови и одмори, распоредот на ѕвонење, должностите на дежурните ученици, работното време на административните работници, работно време на библиотеката, изгледот на учениците, отсуствување на учениците од настава, извршување на обврските на учениците кои се однесуваат на противпожарната заштита, обезбедување на имотот, приемот и движењето на странките и други лица во објектот на училиштето и други работи кои обезбедуваат нормални услови за работа и дисциплина во училиштето.

## ДОКУМЕНТИ И АКТИВНОСТИ ЗА РАЗВОЈ И ПОДДРШКА

**Член 39**

Секоја втора година во Училиштето се врши **самоевалуација** на работата која има за цел да го подобри квалитетот на работата во Училиштето.

Самоевалуација на работата на Училиштето се врши во повеќе подрачја врз основа на Индикаторите за квалитетот на работата на училиштата донесени од Државниот просветен инспекторат.

Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите односно старателите, која ја формира директорот, во зависност од бројот на подрачјата кои се опфатени со самоевалуацијата.

Комисијата од ставот (3) на овој член, изготвува извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа кој го доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и Министерството.

Самоевалуацијата на работата на Училиштето во соработка со Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и препораките од извештајот од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат ја врши училишна комисија формирана од училишниот одбор.

**Член 40**

Резултатите од самоевалуацијата на средните училишта се објавуваат на интернет страницата на училиштето.

Извештајот со резултатите од самоевалуацијата средното училиште во електронска форма го доставува до Државниот испитен центар, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуацијата.

**Член 41**

Заради обезбедување квалитет во наставата на секои четири години, училишниот одбор донесува **Програма за развој** на Училиштето.

Развојната програма училиштето ја објавува на својата интернет страница.

Програмата за развој на Училиштето се донесува врз основа на резултатите од самоевалуацијата на Училиштето, препораките од извештајот од интегралната евалуација и резултатите од екстерната евалуација кои се содржани во Годишниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници изготвен од страна на Државниот испитен центар.

**Член 42**

Со развојната програма се планираат и целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години,- со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства
утврдени од надлежните институции согласно закон.

Формата и содржината на развојната програма на предлог на Бирото и/или Центарот, ја утврдува министерот.

**Член 43**

За учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, може да се ангажираат образовни медијатори.

Образовниот медијатор од ставот (1) на овој член, презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до средните училишта, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во средното училиште со спецификите и потребите на лицата од ранливите групи во делот на образованието, редовно соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигнувањата на учениците и презема активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците.

**Член 44**

Заради следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање помош на учениците и нивните родители, односно старатели во изборот за продолжување во високото образование и/или премин на пазарот на трудот, директорот на средното училиште, на предлог на наставничкиот совет, формира тим за кариерно советување, координиран од кариерен советник во соработка со стручни соработници и наставници од средното училиште.

Училиштето избира **Кариререн советник** од редот на наставниците во средното училиште, вработен на неопределено работно време, кој го определува директорот на средното училиште, на предлог на наставничкиот совет.

Кариерниот советник ги врши следните работи: заедно со тимот за кариерно советување изработуваат годишната програма за работа, организира обуки и работилници за кариерно планирање, спроведува тестови за самопроценка и развој на вештини, обезбедува информации за различни професии и образовни можности и помага на учениците да изработат лични кариерни планови.

**Тимот за кариерно советување** е од редот на наставниците и стручните соработници во средното училиште и е составен од шест членови кои ги избира директорот по предлог од Наставничкиот совет.

За реализација на годишната програма за работа, кариерниот советник доставува извештај до директорот на средното училиште и до наставничкиот совет, до завршувањето на учебната година.

**Член 45**

По завршувањето на средното уметничко образование учениците полагаат државна матура, државна уметничка матура или училишна уметничка матура според утврдена програма.

Испитните програми за полагање на матурски испити ги донесува Министерот.

Начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците од матурските испити се уредуваат со концепцијата за државна матура, државна уметничка матура или

училишна уметничка матура во јавното средно образование и со посебен правилник што го донесува Министерот.

# УЧЕНИЦИ

## а) запишување и испишување на ученици во основното образование

### Член 46

Основното музичко образование е паралелна форма на редовното основно образование. Основното музичко образование е незадолжително и е во насока на развој на музичките афинитети на учениците.

### Член 47

Училиштето ги презема сите неопходни активности за навремено организирање и спроведување на уписот на учениците во основното образование. Учениците се запишуваат во основното музичко образование со полагање на приемен испит. На приемниот испит за основното музичко образование се проверува музикалноста на кандидатите (песничка, интонација, музичка меморија, ритам).

Пријавувањето, приемниот испит и запишувањето се спроведува во месеците мај и август во тековната година.

Пријавувањето се врши со доставување на извод од матична книга на родени и пополнување на пријавен лист што го изготвува училиштето.

### Член 48

Училиштето во прво одделение нема обврска да ги запише сите ученици кои ќе се пријават. Ќе бидат запишани само учениците кои ќе го положат приемниот испит.

### Член 49

Во деветгодишното музичко образование на инструментите пијано, виолина (виола), и виолончело можат да се запишат во прво одделение ученици кои во редовна настава во матичното училиште следната учебна година ќе бидат во прво, второ или трето одделение.

### Член 50

Во шестгодишното музичко образование на инструментите класична гитара, кларинет, саксофон, флејта, обоа, труба, хорна, удирачки инструменти и хармоника можат да се запишат во прво одделение ученици кои во редовна настава во матичното училиште следната учебна година ќе бидат во четврто, петто или шесто одделение.

### Член 51

Во тригодишното музичко образование на инструментите контрабас и соло пеење можат да се запишат во прво одделение ученици кои во редовна настава во матичното училиште следната учебна година ќе бидат во седмо, осмо или деветто одделение.

### Член 52

Учениците од основното музичко образование, може да преминат од деветгодишно во второ шестгодишно или прво тригодишно образование.

Учениците од основно музичко образование, може да преминат од шестгодишно во прво оддление тригодишно.

Врз основа на поднесена молба од родител/старател, одлука носи Директорот.

**Член 53**

Статусот на ученик од основното музичко образование во Училиштето престанува ако ученикот:

- го завршил основното музичко образование,
- го завршил редовното основно образование;
- не се запише во тековната учебна година во утврдените рокови за упис,
- се испише,
- ако е оценет со негативна оценка на крајот од учебната година

**Член 54**

Ученикот од основно образование кој не успеал до крајот на учебната година да постигне минимум резултати од учење за преминување во следното одделение, да ги совлада наставните содржини до крајот на учебната година по предлог на одделенскиот наставник и стручните соработници на училиштето, а во согласност со родителот, односно старателот може еднаш во текот на образованието да остане во истото одделение, за што одлука донесува испитната комисија при полагање на испитот.

Паузирање и повторно запишување за продолжување на основното образование е дозволено само од оправдани причини: привремен престој во странство, неможност да полага испит на крајот од годината поради подолга болест за што одлука носи наставничкиот совет на училиштето.

**б) оценување и оценки на учениците во основното образование**

**Член 55**

Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки.

Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити.

Оценувањето на ученикот се врши согласно со стандардите за оценување во наставните програми.

Годишните оценки по сите предмети во основното образование се утврдуваат комисиски.

**Член 56**

Ученикот од основното образование кој на крајот од наставната година има една или повеќе негативни оцени во Училиштето задолжително се упатува на поправен испит. Поправните испити се одржуваат во 2 испитни рока, јуни и август.

Поправниот испит се полага пред испитна комисија. Испитната комисија се состои од три члена - наставници што го предаваат истиот предмет. Доколку ученикот од основното образование не го положи поправниот испит или не се јави на испитот од неоправдани причини, не го завршува одделението и се испишува од училиштето.

**в) запишување и испишување на ученици во средното образование**

**Член 57**

Средното музичко образование е со траење од четири години.

**Член 58**

Запишувањето на ученици во средното образование се врши по пат на конкурс, кој го објавува Министерството во средствата за јавно информирање. Со Конкурсот се утврдуваат: условите и критериумите за запишување, термините за упис и сл.

Во прва година средно образование во Училиштето, како редовен ученик може да се запише лице кое не е постаро од 17 години.

Во Училиштето во средното образование се запишуваат ученици кои завршиле основно образование. Средното образование е задолжително.

Училиштето најдоцна до рокот утврден во Конкурсот од став (1) на овој член, објавува интерен оглас за упис на ученици во средното образование. Со огласот се утврдуваат термини, дополнителни критериуми за упис и задолжителност на приемен испит и сл.

Приемниот испит го спроведуваат училишни комисии кои ги формира директорот на Училиштето. Вонредните ученици исто така полагаат приемен испит пред комисија според условите на приемниот испит спроведен истата година.

**Член 59**

Одлука за запишување на учениците донесува главната уписна комисија. Во главната уписна комисија членуваат: директорот и раководителите на оддели.

Против одлуката, учениците и нивните родители односно старатели во рок од (24) часа од соопштувањето на одлуката можат да поднесат приговор до Главната уписна комисија.

Главната уписна комисија решава по приговорот во рок од 3 дена од приемот на приговорот. Одлуката по приговорот е конечна.

**г) оценување во средното образование**

**Член 60**

Учениците се оценуваат по наставните предмети што ги изучуваат, со оценките: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни освен оценката недоволен (1).

**Член 61**

Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците се врши со :

- интерно проверување кое го вршат наставниците во Училиштето според утврдени стандарди, континуирано во текот на наставната година.

**Член 62**

Општиот успех на учениците се утврдува врз основа на годишните оценки од сите задолжителни предмети на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит, по завршувањето на поправните испити.

Годишните оценки по одредени стручни предмети во средното образование се утврдуваат комисиски. За кои предмети е предвидено комисиско утврдување на оценката, се утврдува со програмските документи за воспитно-образовната дејност.

**Член 63**

Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците се врши со:

- интерно проверување

Интерното проверување на постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во Училиштето според утврдени стандарди, континуирано во текот на наставната година.

**Член 64**

Општиот успех на учениците се утврдува врз основа на годишните оценки од сите наставни предмети на крајот на годината а за учениците упатени на поправен испит, по завршувањето на поправните испити.

Годишните оценки по одредени стручни предмети се утврдуваат комисиски. За кои наставни предмети е предвидено комисиско утврдување на оценката, се утврдува со програмските документи за воспитно – образовната дејност.

**Член 65**

Ако ученикот од средно образование не е задоволен со некои од годишните оценки што му се соопштени, во рок од три дена од соопштувањето ученикот, односно неговиот родител има право да поднесе приговор до Наставничкиот совет на Училиштето.

Наставничкиот совет може да одлучи оценката да ја потврди, да ја измени или да организира повторно проверување на знаењето на ученикот. Доколку се организира повторно проверување на знаењето на ученикот, директорот формира комисија. Комисијата од став (2) на овој член ја сочинуваат претседател и двајца членови

Комисијата се именува од наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето.

Наставничкиот совет може да одлучи од комисијата за проверка да се изземе предметниот наставник кој што ја предложил оценката против која се приговара.

**д) изостаноци од настава и педагошки мерки**

**Член 66**

Секој изостанок од настава или друга ученичка обврска ученикот е должен да го оправда.

Оправдувањето може да го даде родител, старател или лекар.

За секое изостанување на ученикот родителите се должни да го известат класниот/одделенскиот раководител истиот ден.

**Член 67**

Изостанокот за (1) час го одобрува предметниот наставник.

Изостанокот до (5) дена го одобрува класниот/одделенскиот раководител.

Изостанокот од настава до (20) дена го одобрува директорот на Училиштето, доколку таков изостанок е неопходен, врз основа на барање со образложение за отсуство доставено до директорот на Училиштето.

За изостанување од настава повеќе од 20 дена одобрува Наставничкиот совет, врз основа на барање со образложение за отсуство доставено до Училиштето.

**Член 68**

За неоправдани изостаноци од настава на ученикот му се изрекуваат педагошки мерки и тоа:

- од 6 до 9 часа – писмена опомена од раководителот на паралелката;
- од 10 до 14 часа – писмена опомена од наставничкиот совет на паралелката;
- од 15 до 19 часа – писмена опомена од директорот на Училиштето;
- од 20 до 24 часа – опомена пред отстранување од Училиштето од наставничкиот совет;
- 25 и повеќе часа отстранување од Училиштето со одлука на наставничкиот совет.

**Член 69**

Оправдани причини , односно случаи поради кои ученикот отсуствува од настава или друга училишна обврска се:

- болест на ученикот;
- смртен случај во семејството;
- невреме, елементарни непогоди и слично;
- посебно значајни лични или семејни причини;
- подготовка за натпревари или концерти;
- други причини за кои раководителот на паралелката , односно директорот ќе ја утврди оправданоста.

**ѓ) поправни испити и повторување во средното образование**

**Член 70**

Учениците од средното образование кои по завршувањето на учебната година имаат три и повеќе негативни оценки, не ја завршуваат годината ( повторуваат ).

Годината не ја завршуваат и учениците кои на поправниот испит во вториот испитен рок добиле негативна оценка или неоправдано не се јавиле на поправниот испит.

Тие ученици имаат право повторно да се запишат во истата година.

Ученикот може да повторува два пати во текот на средното образованието. Ученикот кој во последната година од средното образование на крајот од учебната година има најмногу две негативни оценки, може да ги полага поправните испити и по вториот испитен рок.

**Член 71**

Во Училиштето ученикот од средното образование кој по завршувањето на годината има до две негативни оценки, се упатува на поправен испит по два предмета.

За подготвување на учениците за полагање на поправни испити Училиштето е должно да организира подготвителна настава, консултации и други форми за помош на учениците. Учениците имаат право поправниот испит да го полагаат двапати по еднаш во двата испитни рока ( јуни и август ).

**е) образование за пократко времетраење**

**Член 72**

Ученикот кој во текот на средното образованието во Училиштето се истакнува со способности, знаења и работни навики и има одличен успех, може побргу да напредува односно да заврши две години во текот на една учебна година, согласно прописот донесен од Министерот.

Талентираните ученици од основното музичко образование можат да го завршат основното образование за пократок временски период од предвидениот со наставниот план и програма.

Ученикот може еднаш или два пати во текот на образованието забрзано да напредува и премине во наредно одделение.

Барањето за забрзано напредување се доставува до наставничкиот совет најдоцна до крајот на првото полугодие. По положувањето на потребните испити, ученикот преминува во погорно одделение. На крајот на наставната година, ученикот ќе добие свидетелства за двете одделенија.

**ж) испити на година**

**Член 73**

Во Училиштето ученикот од средно образование кој од оправдани причини континуирано не ја следел наставата (200) часа од предвидениот број на часови и нема елементи за изведување на годишна оценка, полага испит на годината, а ученик од основното образование, доколку бил отсутен на повеќе од ⅓ од фондот на часови, полага одделенски испит.

Оправданоста на причините ја оценува Наставничкиот совет на Училиштето.

Ученикот од средното образование кој во текот на наставната година направил вкупно најмалку една третина оправдани и неоправдани изостаноци од фондот на наставни часови по одредени предмети утврдени со наставниот план, полага испит на годината по тие предмети.

**з) пофалување и наградување**

**Член 74**

Учениците во Училиштето што се истакнуваат со својата работа и поведение, можат да бидат пофалувани односно наградувани.

**Член 75**

Пофалбите и наградите им се доделуваат на учениците за:

- примерно поведение и совесно учење, залагање и постигнати резултати и награди на натпревари;
- учество и успех во рамките на концертната дејност на училиштето;

# ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

**Член 76**

За вработениот кој го прекршува работниот ред, дисциплината и работните обврски се поведува дисциплинска постапка.

Дисциплинска постапка ја води дисциплинска комисија, која ја формира Директорот на училиштето.

Дисциплинска комисија се формира за секој случај посебно.

Дисциплинската комисија е составена од три члена.

Членовите имаат свои заменици.

Претседателот на дисциплинската комисија е од редот на наставниците, еден член е од редот на стручните соработници и еден член е од редот на наставниците во училиштето .

Дисциплинската постапка се спроведува врз начелото на праведност и проценка на доказите и сослушување од страна на дисциплинската комисијата.

Со цел индивидуализација во определувањето на дисциплинските мерки, се води сметка за приспособување на изречената мерка според тежината на сторената дисциплинска повреда. Училиштето изготвува правилник за видови дисциплински повреди и дисциплински мерки.

За дисциплинската одговорност на административно-техничките службеници се применуваат одредбите од Законот за административни службеници.

Од секоја средба на дисциплинската комисија се води записник кој го изготвува еден од нејзините членови.

**Член 77**

Дисциплинската постапка се поведува со писмено барање.

Писменото барање се предава во архивата на училиштето, која го доставува до Директорот.

Барање за поведување на дисциплинска постапка може да поднесе директор, наставник, стручен соработник, други вработени во училиштето, ученик односно неговиот родител/старател.

**Член 78**

Барањето за поведување на постапката се поднесува во писмена форма и мора да содржи: име и презиме на лицето што ја пријавува дисциплинската повреда; податоци за сторителот на повредата; опис на настанот и докази за утврдување одговорност.

**Член 79**

Врз основа на писменото барање за поведување на постапката, најдоцна во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето за поведување на дисциплинска постапка, Директорот со решение формира дисциплинска комисија.

Дисциплинската комисија, најдоцна во рок од три работни дена од денот на нејзиното формирање, донесува решение за поведување на дисциплинска постапка.

Решението од став 2 на овој член се доставува до подносителот на барањето за поведување на постапката и до лицето против кое се поведува дисциплинската постапка - на рака или со препорачана пратка на домашна адреса.

**Член 80**

Пред изрекувањето на дисциплинската мерка, лицето против кое се поведува дисциплинската постапка се сослушува на закажана средба во врска со настанот од страна на дисциплинската комисија. Лицето- подносител и лицето за кое се води дисциплинска постапка има право да приложи докази, аргументи, сведоци, изјави и да биде застапувано од полномошник или претставник од синдикатот.

Лицето против кое се поведува дисциплинската постапка за сослушувањето се известува со покана доставена лично на рака или преку препорачана пратка на домашна адреса. Доколку вработеното лице одбие да ја прими поканата, за доставеност ќе се смета нејзиното објавување на огласната табла во училиштето.

Доколку лицето против кое се поведува дисциплинската постапка не се појави пред дисциплинската комисија и не го оправда отсуството, комисијата ќе донесе соодветна одлука врз основа на достапниот доказен материјал.

Доколку лицето против кое се поведува дисциплинската постапка поднел писмена изјава преку архивата на училиштето до дисциплинската комисија, таа цени дали неговото повикување е неопходно.

**Член 81**

Дисциплинската комисија, по извршена проценка на исказите и доказите приложени од подносителот на барањето и лицето за кого е покрената постапката, може со просто мнозинство на гласови да донесе една од следниве одлуки:

- отфрлање на барањето за поведување на постапката поради застареност, или
- одбивање на барањето поради недоволно докази дека е сторена дисциплинска повреда односно неоснованост или нерелијабилност или неверодостојност на доказите, или
- предлог за изрекување на дисциплинска мерка.

Врз основа на одлуката на дисциплинската комисија, директорот на училиштето донесува соодветно решение.

**Член 82**

Решението за изрекување на дисциплинска мерка се чува во досието на лицето на кое му е изречена дисциплинска мерка.

**Член 83**

Против решението за изрекување на дисциплинска мерка, лицето на кое му е изречена дисциплинска мерка може да поднесе жалба до училишниот одбор, како второстепен дисциплински орган, во рок од осум дена од денот на прием на решението за изрекување на дисциплинската мерка.

**Член 84**

Училишниот одбор ја разгледува жалбата на седница во рок од 15 дена по поднесувањето на жалбата и може да донесе одлука со која:

- го потврдува решението за изрекување дисциплинска мерка донесена од директорот;
- ја отфрла жалбата како ненавремена или неоснована;
- ја прифаќа жалбата како основана и го преиначува диспозитивот на решението за изрекување дисциплинска мерка.
-

**Член 85**

Покренувањето на дисциплинската постапка застарува во рок од шест месеци од сторувањето.

## УПРАВУВАЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

**Член 86**

Училишниот одбор е орган на управување на Државното музичко училиште- Битола и се однесува и на основното и на средното музичко образование.

**Член 87**

Постапката за избор на членови на Училишниот одбор отпочнува три месеци пред истекот на мандатот на Училишниот одбор.

**Член 88**

Изборот на претставници, членови на Училишниот одбор, го врши Наставничкиот совет на Училиштето и тоа еден заеднички претставник од одделот за музичка теорија и општо-образовна настава, еден претставник од одделот за пијано, еден претставник од одделот за жичани инструменти и еден претставник од одделот за дувачки инструменти, соло-пеење, хармоника и удирачки инструменти.

Предлогот на претставниците на наставниците за членови во Училишен одбор го даваат наставниците и стручните соработници од соодветниот оддел врз принципот на стручност и компетентност.

**Член 89**

Изборот на претставници на наставниците се врши по пат на гласање со мнозинство на гласови од вкупниот број на наставници и стручни соработници на Наставничкиот совет, за секој кандидат поединечно.

**Член 90**

Училишниот одбор како орган на управување во Училиштето, покрај работите регулирани со Закон, ги врши и следните работи:

- на предлог на наставничкиот совет одлучува за доделување пофалби и награди за ученици кои се истакнуваат со својата работа и поведение;
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во Училиштето;
- одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици;
- Ја утврдува висината на надоместоците за партиципација во основното образование и други услуги кои училиштето ги наплаќа најдоцна до почетокот на секоја учебна година;
- формира свои постојани и времени комисии и работни тела, ги именува и разрешува нивните членови и го утврдува делокругот на работа;
- донесува правилници, етички кодекси и други акти;
- донесува и менува деловник за работа на одборот;
- донесува годишен план за јавни набавки;
- дава предлог кон директорот за избор на наставници и стручни соработници;

- одобрува програми за изведување на училишните екскурзии и одлучува за понудите за екскурзиите;
- разгледува и одлучува и по други прашања утврдени со статутот на училиштето и законската регулатива.

**Член 91**

Училишниот одбор води записници од одржаните седници.

Записникот ги содржи елементите кои се определуваат со деловникот за работа на Училишниот одбор, а особено: назив на органот кој ја одржува седницата, број на седницата, место, ден и време на одржување, број на присутни и отсутни, содржина на дискусиите по точките од дневниот ред, донесени одлуки и заклучоци, мнозинството со кои се донесени, време на завршување на седницата и потпис на претседавачот и записничарот.

## ДИРЕКТОР НА УЧИЛИШТЕТО

**Член 92**

Директорот е раководен орган на Училиштето и е одговорен за законитост во работата и за материјално-финансиското работење на Училиштето.

**Член 93**

Директорот на Училиштето ја организира и ја раководи воспитно-образовната и друга работа, самостојно донесува одлуки, го застапува Училиштето пред трети лица и е одговорен за законитоста на работата на Училиштето.

Во остварувањето на обврските и раководењето од став (1) на овој член директорот, покрај работите регулирани со Закон, ги врши и следните работи:

- по потреба учествува во работата на комисијата која е составена од раководителите на одделите, за спроведување аудиција за избор на ученици и програма за концерти на Училиштето;
- најмува сала за годишните концерти ;
- по молба од родител за пресраспределба на наставник на ученик, а по претходно извршен разговор со наставникот, родителот и, по потреба, со ученикот од страна на стручната служба, донесува одлука во најдобар инстерес на ученикот.
- по молба од наставник за прераспределба на наставник на ученик, а по претходно извршен разговор со наставникот, родителот и, по потреба, со ученикот од страна на стручната служба, донесува одлука во најдобар инстерес на ученикот.
- претседава и раководи со седниците на Наставничкиот совет и активно учествува во работата на другите стручни органи во Училиштето;
- раководи и ја организира работата на одбраната;
-формира тим за кариерно советување од редот на наставницигте и стручните соработници кој брои 10 члена
- врши и други работи во согласност со Законот и другите акти.

# СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА НА УЧИЛИШТЕТО

**Член 94**

Стручни органи и тела во Училиштето се:

- наставничкиот совет кој го сочинуваат наставниците и стручните соработници во Училиштето;
- одделенски совети за основно образование;
- класни совети за средно образование;
- одделенски раководители за основно образование;
- класни раководители на паралеки за средно образование;
- стручни активи на наставниците по одредени стручни области -оддели;
- колегиум на раководители на оддели.

Поради специфичностите на наставата, во училиштето за стручни активи се користи терминот "оддели".

Работата на органите и телата во училиштето се уредува со деловник за работа.

**Член 95**

**Наставничкиот совет** работата ја регулира со деловник донесен од Училишен одбор, а ги врши работите регулирани со закон.

**Член 96**

**Одделите во наставата** се определуваат според видот и типот на наставата. Во Училиштето ги има следните оддели:

- оддел за музичка теорија и општо-образовна настава;
- оддел за пијано;
- оддел за жичани инструменти;
- оддел за дувачки инструменти, соло-пеење, хармоника и удирачки инструменти;
- оддел за традициски играч-пејач;

**Член 97**

Секој оддел ги врши следните работи:

- ја следат реализацијата на наставниот план и програма за предметите од својот оддел;
- ги спроведуваат полугодишните и годишните испити по предмети од одделот;
- ги спроведуваат јавните часови и концертната активност на учениците од тој оддел, (избор на комисии за аудиција, изнајмување сали, закажување на термини, објавување, плакатирање, изготвување програми и сл);
- организирање и спроведување семинари утврдени со наставната годишна програма за работа на Училиштето;
- учества на натпревари на ученици од одделот и
- други работи утврдени на состаноци на одделот.

**Член 98**

Работата на одделот ја координира раководител на оддел.

**Раководителот на оддел** го назначува и разрешува директорот на Училиштето, по проценка на работниот процес, моралниот и етички кодекс на работа, со цел обезбедување на ефикасно и квалитетно остварување на образовно-воспитната дејност.

**Член 99**

Мандатот на раководителот на оддел е за период од (2) години.

**Член 100**

Раководителот ги врши особено следните работи:

- учествува во изработка на предлогот на Годишната програма за работа на Училиштето;
- води комплетна евиденција на учениците ( бројна состојба, распределенија по наставници);
- обавува комуникации со родителите на учениците од одделот по прашања поврзани со наставата и вonнаставните активности;
- води евиденција за фондот на часови на наставниците и стручните соработници од одделот и поднесува месечен извештај до директорот;
- организира испити (комисии, термини, просторија);
- организира концерти на одделот (комисии за аудиција, термини, простор );
- организира семинари (термини, распореди, простор );
- изведува настава со полн фонд часови неделно ;
- мандатот му е две години;
- за својата работа е одговорен на директорот.

**Член 101**

Раководителите и директорот на Училиштето го сочинуваат стручниот тим - **колегиум на раководители**.

Колегиумот на раководители ги разгледува следните прашања:

- реализацијата на наставниот план и програма;
- преиспитување на наставниот план и потребите од осовременување на наставата;
- успехот и поведението на учениците;
- системот на оценување на учениците;
- концерти и јавни настапувања;
- гостувања;
- семинари
- натпревари.

**Член 102**

**Одделенскиот совет за основно образование** го сочинуваат сите наставници кои изведуваат настава од основно образование, стручните соработници и директорот на Училиштето.

Со одделенскиот совет раководи директорот на Училиштето, а во спреченост на Директорот, лице кое ќе биде назначено за замена.

На Одделенскиот совет се разгледува успехот и поведението на учениците.

**Член 103**

**Класни совети за средно образование** го сочинуваат сите наставници кои изведуваат наставата, стручните соработници и директорот на Училиштето.

Со класниот совет раководи директорот на Училиштето, а во спреченост на Директорот, лице кое ќе биде назначено за замена.

На Класниот совет се разгледува успехот и поведението на учениците.

**Член 104**

**Одделенскиот раководител** за основното образование е:

- во основно музичко образование во прво одделение е наставникот по солфеж со елементарна теорија на музиката;
- во основното музичко образование од второ одделение и нагоре е наставникот по инструмент.

**Член 105**

Одделенскиот раководител за основното образование ги врши следните работи:

- ја следи работата и дисциплината на учениците;
- се грижи за редовно изведување на наставата по сите предмети за учениците од својата класа, односно група;
- ја води педагошката евиденција и документација;
- во училишната електронска база на податоци на секое тримесечје води извештај со внесување на оценките, изостаноците и поведението на учениците од својата класа, односно група по сите предмети;
- се грижи за вонннаставните активности (семинари, натпревари);
- соработува со родителите;
- креира евидентни листови по секој одржан наставнички совет на крај на секое тримесечје.

**Член 106**

**Класен раководител на паралелка** за учениците од средно образование ги врши следните работи:

- ја следи работата и дисциплината на учениците;
- се грижи за редовно изведување на наставата во паралелката;
- ги регулира изостаноците на учениците;
- одобрува отсуства на учениците до 5 дена;
- во училишната електронска база на податоци на секое тримесечје води извештај со внесување на оценките, изостаноците и поведението на учениците од својот клас;
- ја води класната администрација, ги пополнува ученичките книшки, свидетелства и евидентни листови;
- се грижи за вонннаставна активност на учениците од паралелката;
- учествува во постапката за советување на родителите согласно одредбите од Законот за оснвно и Законот за средно образование;
- соработува со советот на родителите на паралелката

- врши и други работи утврдени со закон и акти донесени од Министерот.

**Член 107**

Во Училиштето се избира и **<u>совет на родители</u>**, кој работи согласно деловник за работа. Советот на родители го сочинуваат претставници на родителите на учениците кои не се вработени во Училиштето.

Советот на родителите брои (9) члена и го сочинуваат претставници на родители на ученици и тоа: 3 претставници од I, и по 2 претставници од II, III и IV година кои што ги избираат родителите на родителски состанок.

Кога ученикот не е повеќе ученик на ова Училиште (се испишал, го завршил образованието и сл.), неговиот родител не е повеќе член во советот на родителите и се избира друг родител.

**Член 108**

Советот на родителите на Училиштето на свој родителски состанок со мнозинство на гласови избираат тројца претставници на родители за Училишниот одбор имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на сите заедници.

Советот на родители со мнозинство гласови избира и свој претседател и заменик претседател.

**Член 109**

Совет на родителите на паралелката ги врши следните работи:

- разгледува прашања од животот и работата на учениците во паралелката и дава мислење за подобрување;
- го разгледува успехот и поведението на учениците и дава мислење;
- ја разгледува редовноста на учениците во паралелката и дава мислење;
- соработува со раководителот на паралелката и советот на паралелката;
- се грижи за обезбедување средства за подобрување на условите за работа и се ангажира во помагање на учениците-социјални случаи.

**Член 110**

Советот на родителите ги врши следните работи:

- донесува годишна програма за работата;
- разгледува прашања од животот и работата на Училиштето и дава мислење за подобрување на воспитно-образовната работа;
- го разгледува успехот и поведението на учениците и дава мислење за подобрување на истиот;
- ја следи редовноста на учениците и дава мислење за нејзино подобрување;
- соработува со Наставничкиот совет;
- преку свои претставници учествува во работата на Училишниот одбор;
- се грижи за обезбедување на материјални средства преку спонзорства за осовременување на наставата, изведување на научни екскурзии, наградување на учениците, подобрување на условите за работа на Училиштето;
- се грижи за обезбедување на средства за ученици-социјални случаи.

## ОБЛИЦИ НА УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

**Член 111**

Во Училиштето учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички совет.

Заедницата на паралелка на учениците од средното образование во училиштето е ученичко здружување преку кое учениците можат организирано да делуваат врз целокупното работење на училиштето со цел креирање на позитивна клима, подобрување на условите за учење и конструктивен развој на образовните политики од интерес и во корист на учениците.

Постапката за избор на Претседателство во заедницата на паралелка.

**Член 112**

Во секоја паралелка од прва до четврта година средно образование, на почетокот на учебната година се избира Претседателство на заедница на паралелката составена од три члена: претседател, заменик претседател и секретар, со тајно гласање од учениците во паралелката.

Мандатот на Претседателство на заедница на паралелката трае една учебна година, со право на уште еден последователен мандат.

**Член 113**

Задачи на Претседателство на заедница на паралелката се:

- претставување на паралелката пред класниот раководител, наставниците и ученичкиот совет;
- организирање на состаноци на заедница на паралелка;
- грижа за редот и дисциплината во паралелката;
- предлози за учество во културни, спортски, хуманитарни и едукативни активности;
- пренесува предлози и мислења од учениците до наставниците и до ученичкиот совет;
- соработува со ученичкиот правобранител.

**Член 114**

Ученичкиот совет е облик на организирање на учениците на ниво на средно училиште, составен од претседател, потпретседател, генерален секретар и претседателите на заедниците на паралеките.

Мандатот на Ученичкиот совет трае една учебна година, со право на уште еден последователен мандат.

Од редот на членовите во ученичкиот совет, се избираат претставници кои учествуваат во работата на училишниот одбор, стручните органи и консултативни тела на средното училиште и во советот на родители.

**Член 115**

Работата на Ученичкиот совет се регулира со деловник за работа на ученичкиот совет во училиштето.

**Член 116**

Во ученичкиот совет се основаат Координативно тело и Комисија за доверба и соработка.

**Член 117**

Координативното тело претставува технички и организациски столб на ученичкиот совет.

Надлежности и работи на Координативно тело на ученичкиот совет се:

- го координира работењето на сите комисии во ученичкиот совет;
- подготвува зеднички план за активности;
- се грижи за редовна и навремена комуникација меѓу членовите на советот;
- организира состаноци, предрдлози и иницијативи;
- води записници и организира транспарентност на ра работењето;
- следи дали одлуките на ученичкиот совет се спроведуваат;
- делува како посредник при несогласувања меѓу комисии и ученици.
-

**Член 118**

Комисијата за доверба и соработка на ученичкиот совет повеќе е насочена кон меѓучовечки односи и добра атмосфера.

Надлежности и работи на Комисијата за доверба и соработка на ученичкиот совет :

- го гради духот на доверба помеѓу учениците, наставниците и ученичкиот совет;
- организира активности за организирање во тимска работа;
- поттикнува соработка помеѓу учениците и паралелките и помеѓу различните групи и ученици;
- посредува во случај на конфликт меѓу уценици;
- соработува со стручната служба и заедницата на паралека на ученици по потреба.

**Член 119**

Во училиштето се избира ученички Правобранител од редот на редовните ученици, по пат на тајно гласање, а критериум за избор се:

- ученик од повисоки години;
- добро познавање на ученичките права и должности (запознаен со правилниците на училиштето, правата на учениците и начините на нивна заштита);
- комуникативност и дипломатичност, (способност да слуша, посредува и да разговара и со ученици и со наставници);
- објективност и чесност (спремност да одлучува без фаворизирање и да ги штити интерсите на учениците подеднакво);
- одговорност и доверливост;
- добар углед меѓу врсниците;
- способност за тимска работа со ученичкиот совет и наставниците;
- способен за јавен настап;
- да има одличен успех и примерно поведение.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

**Член 120**

Средствата за остварување на јавното основно и средно образование се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија на начин и во постапка утврдени со Закон.

**Член 121**

Училиштето може да стекнува средства и од:

- средства стекнати согласно правилникот за начин на стекнување и распределба на средства во јавните средни училишта;
- партиципација на корисници на услуги од основното образование;
- продажба на производи и услуги кои се резултат на вршење на основната и дополнителните дејности;
- проекти одобрени од Министерства;
- дополнителни дејности;
- легати, подароци, спонзорства, завештенија и
- други извори.

Средствата од став (1) на овој член ќе бидат наменети за унапредување, осовременување и развој на дејноста во Училиштето, за што се поднесува извештај до Министерството, согласно правилникот за начин на стекнување и распределба на средства во јавните средни училишта.

## НАТПРЕВАРИ И ЕКСКУРЗИИ

**Член 122**

За учениците што покажуваат особен успех по одделни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво. Натпреварите ги организираат акредитирани здруженија на наставници.

Начинот и поблиските критериуми за организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво го утврдува Министерот на предлог на Бирото и Центарот за стручно образование и обука.

**Член 123**

За развивање на различни интереси на учениците, Училиштето организира училишни екскурзии коишто се определени со годишната програма за работа на Училиштето. Учениците во училишните екскурзии се вклучуваат доброволно.

Начинот на изведување на училишните екскурзии го утврдува Министерот, на предлог на Бирото со Правилник за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта.

## ИНФОРМИРАЊЕ

**Член 124**

Работата на училиштето и неговите органи е јавна.

Училиштето е должно да обезбеди редовно, благовремено и потполно известување на вработените во училиштето, родителите, учениците и сите други заинтересирани странки за работата на училиштето.

Информирањето го врши директорот, училишниот одбор, наставничкиот совет, како и лица определени од директорот.

За вистинитоста на информирањето одговорен е органот кој го врши информирањето.

**Член 125**

За работата на Училиштето и неговите органи, вработените и учениците се информираат преку огласна табла, веб страната или електронска пошта.

## ОДБРАНА И ЗАШТИТА

**Член 126**

Во воена состојба Училиштето превзема мерки за заштита и спасување на учениците, вработените, средствата за работа, културно-историските вредности, научната документација и архивска граѓа заради што во мир спроведува соодветни подготовки.

Со спроведувањето на подготовките и преземањето мерки за заштита и спасување раководи директорот на Училиштето.

**Член 127**

Заради заштита на тајните податоци и информации од областа на одбраната, Училиштето спроведува мерки за заштита на тајноста на податоците од значење за одбраната.

## ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Член 128**

Училиштето собира, обработува, чува, испраќа и користи податоци содржани во збирките на податоци согласно со прописите за заштита на лични податоци, за потребите на интегрираната база на податоци која ја води Министерство.

**Член 129**

Училиштето е должно да обезбеди тајност и заштита на обработката на личните податоци на вработените.

Училиштето е должно да примени соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци на вработените и учениците од случајно или незаконито уништување, нивно губење, преправање, неовластено откривање или пристап до личните податоци.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 130**

Измените и дополнувањата на овој статут се вршат на начин и постапка утврдени за негово донесување.

**Член 131**

Општите акти на Училиштето ќе се усогласат со одредбите на овој статут, во рок од три месеци од денот на неговото влегување во сила.

**Член 132**

Со влегување во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на Училиштето бр.01-327/1 донесен на ден 07.11.2013 година за кој е добиена Согласност од Министерството за образование и наука на Република Македонија со Решение бр.19-14401/2 на 12.12.2013 година.

**Член 133**

Статутот влегува во сила по добивањето на согласност од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, а се објавува на веб страницата на Училиштето.

Бр 01-315/1

02.12.2025 година

М.П.

Државно музичко училиште Битола
Претседател на Училишен одбор

Ана Попова Трајановска